**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**Сектор за макроекономска политика**

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Октомври 2009 година**



**Скопје, декември 2009 година**

## РЕЗИМЕ
## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

### Октомври 2009 година

- **Најмал годишен пад на индексот на индустриското производство во октомври 2009 година од 0,9%**

- **Продолжува трендот на негативна стапка на инфлација, која во октомври изнесува -2,4% на годишна основа**

- **Трговскиот дефицит остварен во десетте месеци од 2009 година, се намали за 18% во однос на истиот период минатата година**

- **Помало остварување на вкупните приходи на Централниот буџет за 3,5% (16,3% од БДП), а зголемување на вкупните расходи за 25,5% (18,4% од БДП) во период јануари-октомври 2009 година во однос на истиот период лани**

- **Пораст на Бруто девизните резерви во октомври 2009 година во однос на декември 2008 година од 3,62% (54,1 милиони евра), при истовремен месечен раст од 1,01%, или 21,6 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 20,5 милиони евра**

- **Зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 13,6% за периодот јануари-октомври 2009 година**

## 1. Реален сектор

**1.1. Индексот на индустриското производство во октомври 2009 година во однос на истиот месец од претходната година забележа намалување од 0,9%, што претставува најмал годишен пад во 2009 година и индикатор за започнатото заздравување на реалниот сектор.**

На кумулативна основа, продолжи тенденцијата на намалување на интензитетот на стапката на пад, при што во периодот јануари-октомври 2009 година, индексот на индустриско производство во однос на истиот период од претходната година забележа пад од 11,3% (истиот изнесуваше 12,4% во периодот јануари-септември).

Анализирано по сектори, секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода шест месеци континуирано регистрира позитивен раст, при што истиот во октомври 2009 година одново беше двоцифрен и изнесуваше 13,8%. Од друга страна, падот на индустрискиот аутпут е концентриран во секторот Вадење на руди и камен (-6,4%), додека преработувачката индустрија како доминантна компонента на индустриското производство забележа низок пад од 2,3%, што укажува на стабилизација на состојбите во овој сектор.




Во рамки на преработувачката индустрија, позитивен годишен раст е регистриран кај неколку гранки, при што највлијателно е оствареното зголемување на производството на метални производи во металопреработувачката фаза од 174,1% и производството на машини и уреди од 10,3%. Исто така, позитивен индикатор е тоа што производството на основни метали продолжи да бележи намалување на интензитетот на падот (во октомври е остварена најниска стапка на пад во 2009 година од 9,4%).

Најголем позитивен придонес за значајното забавување на годишниот пад на индустриското производство има зголеменото производство на метални производи во металопреработувачката фаза (придонес од 5,6 процентни поени во вкупната стапка).

Индексот на индустриското производство во октомври 2009 година во споредба со претходниот месец забележа намалување од 8,7%, со што се прекина растечкиот тренд започнат во претходните месеци.




Десезонираниот месечен пад на индустриското производство во октомври 2009 година изнесува 8%, односно доколку се исклучи сезонската компонента падот е понизок за 0,7 процентни поени.

Според очекувањата на менаџерите, тековната економска состојба на претпријатијата во октомври 2009 година се оценува како понеповолна во однос на претходниот месец, а тековната обезбеденост на производството со порачки се оценува исто како и во претходниот месец.

Според менаџерите, најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во октомври 2009 година имаат следниве фактори:

недоволната странска побарувачка со 23,5%, недоволната домашна побарувачка со 19,1%, финансиските проблеми со 12,2% и неизвесното економско окружување со 10,6%.

**Бројот на работници во индустријата во октомври 2009 година во споредба со октомври 2008 година продолжува да бележи забавен пад од 8,8% (највисока стапка на пад од 9,8% беше регистрирана во август, додека во септември стапката на пад изнесуваше 9,6%).** Секторската анализа покажува дека се бележи намален интензитет на падот на бројот на работници во сите сектори споредено со стапките регистрирани претходниот месец. Притоа, најголем годишен пад повторно е регистриран кај секторот Вадење на руди и камен од 11,1%, потоа кај Преработувачката индустрија (-9,3%), а најмал е падот кај секторот Снабдување со електрична енергија, гас и вода (-2,2%).

**1.2. Во октомври 2009 година цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот се намалија за 2,4% во однос на истиот месец од претходната година**.




Падот на општото ниво на цени се должи најмногу на намалувањето на цените во категоријата Исхрана од 5% (која учествува со 40,7% во пресметковната структура). Категоријата Култура и разонода забележа пад на цените од 6,5%, додека во секторот Сообраќајни средства и услуги цените се намалија за 6%. Во останатите категории се забележа раст на цените, притоа растот беше највисок во категоријата Тутун и пијалоци од 3,4%, следен од категоријата Домување (раст од 2,9%).

Индексот на трошоците на живот во октомври 2009 година во споредба со септември 2009 година е понизок за 0,4%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за четиричлено домаќинство за октомври 2009 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 11.622 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 0,9%.

Индексот на цените на мало во октомври 2009 година забележа намалување од 2,4% во однос на октомври 2008.

**1.3. Во октомври 2009 година на светските берзи имаше месечно зголемување на цените на енергентите, металите и минералите, додека за најголемиот дел од прехранбените производи беше забележано пад на цените.**




Во октомври цената на нафтата на светската берза се зголеми за 8,1% во однос на претходниот месец и достигна цена од 73,3 долари за барел. Споредено со октомври претходната година, цената на нафтата е зголемена за 0,6%.

Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечно зголемување на цената од 6% и достигна цена од

18,525 долари за еден метрички тон ($/мт). Споредено со октомври претходната година цената на никелот е повисока за 52,6%. Раст беше забележан и кај останатите метали и минерали, од кои челикот имаше највисок месечен скок на цената (од 16%), додека цената на цинкот се зголеми за 10%.

## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-октомври од 2009 година, вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра) се намали за 27,8% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е намален за 24,4%, а неговата вредност достигна 1.583,3 милиони евра, што претставува намалување од 30,8%. Намалувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 16,3%, а неговата вредност оствари износ од 2.936,4 милиони евра, или намалување од 25,4%. При вакви движења, пред се, поради позначајниот годишен апсолутен пад на увозот од извозот на стоки во анализираниот период, дојде до намалување на негативниот јаз на трговското салдо за 18% на годишна основа и изнесува 1.353 милиони евра, што претставува 21% од проценетиот БДП за 2009 година. Анализирано по категории, стеснувањето на трговскиот дефицит во овој период од 2009 година, во најголем дел се должи, на намалениот дефицит во размената со нафта и производи од него со придонес од 49%, електрична енергија со придонес под 43%, друмските возила со придонес од 24% и друго.




| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X - 2008 | I-X - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 307,4 | 279,5 | -27,9 | -9,1 |
| Мил. ЕУР | 180,5 | 106,4 | -74,1 | -41,1 |
| Мил.$ | 272,1 | 147,1 | -125,0 | -45,9 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-X - 2008 | I-X - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000Т | 1.082,7 | 1.083,4 | 0,7 | 0,1 |
| Мил. ЕУР | 571,4 | 348,6 | -222,8 | -39,0 |
| Мил.$ | 861,2 | 480,1 | -381,1 | -44,3 |

*)Претходни податоци

Во спротивна насока делуваат намалените суфицити на размената кај нашите основни извозни производи, односно намалениот суфицит на извозот на: железо и челик и производи од нив за 168,8 милиони евра, облека и текстил за 47,4 милиони евра, останата транспортна опрема за 36,8 милиони евра медицински и фармацеутски производи за 12,2 милиони евра и друго.

**2.2. Главни по групи производи (според СМТК) со најголемо учество во периодот јануари октомври 2009 година се: облека со 22%, железо и челик со 19,5%, пијалоци и тутун 7,8%, нафта и производи од нафта 6,7%, овошје и зеленчук 5,6% и метална руда и метални отпадоци 4,4%.** Овие шест групи производи сочинуваат 66% од вкупниот извоз на државата.




Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во десетте месеци отпаѓа на: нафта и производи од нафта (348,6 мил. евра), текстилни предива и

слично (221,6 мил. евра), друмски возила (175,8 мил. евра), железо и челик (173,2 мил. евра), електрични машини и делови (104,2 мил. евра), индустриски машини и делови (100,9 мил. евра), телекомуникациони апарати (95, мил. Евра), месо и преработки од месо (83,3 мил. евра), и друго.

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I–X - 2008 | I–X - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 888,8 | 506,8 | -382,0 | -43,0 |
| Мил. ЕУР | 771,6 | 308,9 | -462,7 | -60,0 |
| Мил.$ | 1.165,3 | 427,2 | -738,1 | -63,3 |

*)Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I–X - 2008 | I–X - 2009 | Салдо 2009-2008 | Стапки во% |
| 000T | 819,2 | 443,7 | -375,5 | -45,8 |
| Мил. ЕУР | 467,1 | 173,2 | -293,9 | -62,9 |
| Мил.$ | 707,8 | 239,5 | -468,3 | -66,2 |

*)Претходни податоци

**2.3.** Гледано по региони, во десетте месеци од 2009 година, Европската унија (ЕУ 27) има доминантно учество во вкупната надворешно-трговска размена од 53,8% (извоз на стоки 56,1% и увоз на стоки 52,5%). Увозот од Европската Унија е помал за 24,5%, а извозот бележи поинтензивно намалување од 41%, во однос на истиот период од 2008 година. Во анализираниот период јануари-октомври 2008 година, 75,6% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Турција, Словенија, Италија, Грција, Швајцарија, САД, Полска и Австрија.

**2.4.** Гледано по валутна структура, еврото станува се по доминантно, при што 77,4% од надворешно-трговската размена во десетте месеци од 2009 година е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 3,6 процентни поени (п.п.). На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 82% и 75%, соодветно и во однос на истиот период лани претставува поинтензивен пораст кај извозот за 4,4 п.п., а кај увозот 3,3 п.п..

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| **ИЗВОЗ** | I-X 2008 | | | | | I-X 2009 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 2.694 | 1.799.551.607 | 61,2374 | 110.199.861.579 | 77,6 | 1.967 | 1.299.409.714 | 61,2926 | 79.644.199.836 | 82,0 | -500.141.893 | -27,8 |
| USD | 555 | 772.656.386 | 40,8420 | 31.556.832.117 | 22,2 | 487 | 380.143.493 | 44,6039 | 16.955.882.347 | 17,5 | -392.512.893 | -50,8 |
| EUR+USD | 3.249 | | | 141.756.693.696 | 99,8 | 2.454 | | | 96.600.082.184 | 99,5 | | |
| вк извоз: | 3.255 | | | 142.024.907.014 | 100,0 | 2.459 | | | 97.130.123.564 | 100,0 | | -31,6 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари - октомври 2009 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 64.466 милиони денари ( 16,3% од БДП ), што претставува помало остварување за 3,5% во однос на истиот период минатата година.**

Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 56.987 милиони денари, што претставува помало остварување за 8,3% во однос на истиот период лани.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во првите девет месеци од 2009 година е доминантно и изнесува 49,7%, а на акцизите 19,9%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 39.639 милиони денари, односно 69,6% или 3/4 од вкупните даночни приходи (10,0% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа пад од 6,4%, акцизите раст од 3,9%, данокот на добивка пад од 43,6% (ова намалување е делумно поради изменета регулатива од почетокот на 2009 година не се плаќа данок на нераспределена добивка), приходите од царина се остварени помалку за 9,1%, додека приходите од персоналниот данок се зголемени за 2,2% споредено со истиот период лани. Неданочните приходи се зголемени за 82,5% во однос на истиот период минатата година, особено поради исплатената дивиденда од Телеком во мај во износ од 2.383 милиони денари.




**3.2. Во овој период од 2009 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 72.969 милиони денари ( 18,4% од БДП), што е повеќе за 25,5% во однос на истиот период од 2008 година.**

Во структурата на реализираните вкупни расходи тековните расходи (64.459 милиони денари) учествуваат со 88,3% и се поголеми за 40,6% во однос на истиот период минатата година, додека капиталните расходи забележуваат учество од 11,7%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (36.852 милиони денари), а втори по големина се платите и надоместоците (17.487 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,0% и во однос на истиот период лани се зголемени за 8,2%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 8.617 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2008 година за 8,2%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 40,0% повеќе средства (10.527 милиони денари) споредено со истиот период 2008 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 50,5% во вкупните расходи (9,3% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 68 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Исто така значаен дел од средствата за трансфери се наменети за субвенции во земјоделството.Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 11.903 милиони денари или за 3.464 милиони денари повеќе (46,5% зголемување).

Каматите се реализирани во износ од 1.503 милиони денари што е помалку за 10,2% во споредба со истиот период 2008 година.

Средствата за капитални расходи изнесуваат 8.510 милиони денари, што претставува зголемување од 39,2% во споредба со истиот период 2008 година и претставуваат 2,1% од БДП.

**3.3. Оттука во периодот јануари-октомври 2009 година остварен е дефицит на Централниот буџет од 8.503 милиони денари (2,1% од БДП), додека дефицитот на консолидираниот буџет е 8.869 милиони денари и претставува 2,2% од БДП.**

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во октомври 2009 година примарните пари[1] забележаа раст од 10,4% на годишна основа (раст од 6,6% во септември) во услови на пораст на вкупните ликвидни средства на банките од 27,3% и намалената побарувачка на готовите пари во оптек за 9,3%.**

На месечна основа, примарните пари забележаа раст од 7,9%, што се должи на повисокото ниво на вкупните ликвидни средства на банките од 13,1% и умерен пораст на готовите пари во оптек за 0,4%.

Во октомври 2009 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи е иста како во септември и изнесува 9%.

Каматната стапка на државните хартии од вредност изнесува 5,50% за шестмесечните државни записи со девизна клаузула.

Беше одржана само една аукција на шестмесечните државни хартии во услови на тендер со износи (ограничен - со цена).

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во октомври забележува раст од 3,6% на годишна основа (пад од 0,3% во септември 2009 година). На месечна основа вкупните депозити регистрираат раст од 2,3% (раст од 0,1% во претходниот месец), како резултат на зголемувањето на вкупните депозити на претпријатијата, додека вкупните депозити на домаќинствата оствариja раст од 1,9% на месечна основа.**

Во октомври 2009 година, денарските депозити бележат раст од 3,5% на месечно ниво, додека девизните депозити бележат раст од 1,2%. На годишно ниво денарските депозити забележаа пад од 12,1%, додека девизните депозити оствариja пораст од 22,1%.[3]




Од аспект на секторската структура депозитите на корпоративниот сектор бележат раст од 2, 7 на месечно ниво додека заштедите на населението регистрираат раст од 1,9%. Во однос на минатата година депозитите на населението се повисоки за 11,4%, додека депозитите на претпријатијата се пониски за 16,9%.

**4.3 Во октомври 2009 година вкупните кредити кон приватниот сектор забележуваат натамошно забавување во растот кој изнесува 4,6% (наспроти 6,4% во септември). На месечно ниво по двомесечното намалување на кредитните пласмани во август и септември, во октомври се забележува зголемување од 0,2% што произлегува главно од зголеменото кредитирање во корпоративниот сектор од 0,3%.**

На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 54,6% и 4,1%, соодветно.

---

1 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките вклучително задолжителната резерва на девизните депозити.

2 Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите.

3 Почнувајќи од јануари 2009 година депозитите вклучуваат пресметана камата

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат забавен пораст од 6,3% на годишно ниво. Девизните кредити бележат пад од 0,8% на годишна основа. Во однос на минатиот месец денарските пласмани се повисоки за 0,1%, додека девизните кредити бележат раст од 0,4%.

**4.4. Во октомври 2009 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесува 10,3% и е идентична со стапката во месец септември.** Просечната каматна стапка на девизните кредити е иста како стапката во изминатите два месеци и изнесува 7,5%. Во однос на минатата година се забележува затегнување на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити остварува раст од 0,5 п.п. Од друга страна пак каматната стапка на девизните кредити забележува пад од 0,3 п.п. на годишна основа. Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,9% за денарски и 7,0% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во октомври 2009 година е идентична со стапката во месец септември и изнесува 7,4%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 0,3 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е на исто ниво веќе пет месеци и изнесува 3,3%, а на годишна основа бележи пораст од 0,3 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во октомври 2009 година изнесуваат 1.549,0 милиони евра и во однос на декември 2008 година остварија раст од 3,62% (54,1 милиони евра). На месечно ниво истите бележат пораст од 1,5%, односно од 22,4 милиони евра, во услови на нето откуп на девизниот пазар од 18,5 милиони евра.** НБРМ преку девизните трансакции вршеше креирање на ликвидни средства.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-октомври 2009 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија се регистрирани вкупно 200.297 засновани нови работни односи. Од вкупниот број нововработени, 42,2% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесуваат на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година се забележува зголемување на бројот на засновани нови работни односи за 13,6%.**

Во текот на месец октомври засновани се 20.775 нови работни односи, од кои 23,8% се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување на Република Македонија во октомври изнесува 9.779, од кои 49,1% претставуваат нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 10.199 лица, од кои 47,2% се лица на кои им престанал работниот однос.




**Резултатот е зголемување на невработеноста за 420 лица, односно за 0,1% во однос на претходниот месец. Така, во октомври 2009 година бројот на невработени лица изнесува 342.313.**

Споредено со истиот месец од минатата година, бројот на невработени лица е намален за 0,2%.

Најголем дел од невработените, односно 66% се од урбани средини (градско население), додека 57,3% се мажи. Анализирано според степенот на образование поголемиот дел, односно 52,6% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека само 7,6% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел или 59,4% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, околу 50% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 29,7% чекаат вработување 8 и повеќе години.

**5.2. Во октомври 2009 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 272.922 пензионери, што претставува зголемување од 0,4% во однос на истиот месец од минатата година. Во однос на претходниот месец бројот на корисници на пензија е зголемен за 147 лица.**

За исплата на пензии во месец октомври се потрошени 2.711,56 милиони денари, што претставува 50,9% од вкупните социјални трансфери во владиниот Буџет.




Во октомври 2009 година вредноста на просечната пензија изнесуваше 10.067 денари, што на годишно ниво претставува зголемување од 5,4%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во септември 2009 година (последни расположиви податоци) изнесуваше 50,2%.

**5.3. Бројот на корисници на социјална парична помош во септември 2009 година (последни расположливи податоци) изнесува 52.171 домаќинство, што претставува намалување за 367 корисници во однос на претходниот месец.**

Притоа, за исплата на социјална парична помош се потрошени околу 128,4 милиони денари, односно 52,8% од исплатите за социјална помош по сите основи. За помош по основ на туѓа нега, во септември се потрошени околу 85,1 милиони денари за 19.842 лица, односно 35% од исплатите за социјална помош по сите основи. Како корисници на постојана парична помош, овој месец регистирани се 5.678 лица и за нив се потрошени околу 22 милиони денари, додека здравствена заштита користат 5.416 лица, за што се потрошени 7,4 милиони денари. Наведените расходи за социјална помош претставуваат 4,5% од вкупните реализирани социјални трансфери во септември.

**5.4. Просечната месечна нето плата во периодот јануари-септември 2009 година (последни расположиви податоци) споредена со истиот период од 2008 година бележи номинален раст од 26,1%, додека реално просечната плата е повисока за 26,6%.**

Во септември 2009 година просечната нето плата по вработен изнесуваше 20.044 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 18,7%, додека реалниот раст изнесува 20,4%. Процентот на вработени кои не примиле плата во септември 2009 година изнесува 2,6%, што е за 5,7% помалку во споредба со истиот период од претходната година.

